РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата преку контакт формата на web страна на Државната комисија доставено е Барање на мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и **вработените во јавниот сектор**.

**Согласно предвидените забрани за вршење на други дејности во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и одредбите кои го регулираат постапувањето во случај на постоење судир на интереси од истиот закон, не постои законска пречка лицето како вработено лице на работно место - командир на ПС да биде и претседател на федерација на РСМ.**

**Од друга страна, Државната комисија укажува на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои треба да ги има во предвид и да ги почитува додека имате статус на службено лице, односно вработено лице - командир на ПС и тоа:**

Со член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено дека: „Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.“

Со член 67 од истиот закон е предвидено следното:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

„(1) Лице што врши работи од јавен интерес не смее да ја злоупотреби својата положба за остварување на корист.
(2) Како работи од јавен интерес, покрај дејностите што се со закон определени како работи од јавен интерес, се сметаат и активностите што се вршат во рамките на дејствувањето на политичките партии, синдикатите, здруженијата и фондациите.“

Државната комисија исто така укажува и на одредбите од материјалните закони по кои лицето како вработено лице во МВР треба да постапува и тоа:

Согласно член 104 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македониј бр. 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16 и 21/18, 64/18“ и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21 89/22, 160/25, 258/25 и 15/26“):
**„(1) Полицискиот службеник, по претходна согласност од министерот, а на предлог од посебна комисија во Министерството може да извршува определени работи, самостојна или дополнителна стопанска или професионална дејност што не се во судир со полициските работи.**
**(2) Согласноста од ставот 1 на овој член, министерот ја дава на начин и под услови утврдени со прописите за работни односи.**
(3) Полицискиот службеник дејноста од ставот 1 на овој член е должен да ја врши надвор од работното време во Министерството и на начин, вршењето на таа дејност да не влијае врз законското и правилно извршување на полициските работи.“

Согласно член 56 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 160/25и 15/26) е предвидено дека:
„(1) При засновање на работен однос во Министерството, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на склучување на договор за вработување, работниците во Министерството поднесуваат изјава за имотна состојба и интереси, до надлежната организациска единица за внатрешна контрола, на образец што го пропишува Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно закон.
(2) Работниците во Министерството се должни во рок од 30 дена од денот на настанатата промена да пријават зголемување на нивниот имот, односно на имотот на член на нивното семејство, како и промената на интереси, во постапка и под услови утврдени со закон, до надлежната организациска единица за внатрешна контрола, на образец што го пропишува Државната комисија за спречување на корупцијата согласно закон.

(3) Работниците во Министерството задолжително поднесуваат изјава за имотната состојба и интереси до надлежната организациска единица за внатрешна контрола во Министерството во рок од 30 дена од денот на прекинувањето на договорот за вработување.
(4) Организациска единица од ставот (1) на овој член, врши евидентирање на поднесените изјави за имотни состојби и интереси од страна на работниците во Министерството.
(5) Доколку организациската единица од ставот (1) на овој член, утврди факти или дојде до сознанија кои укажуваат дека одреден работник во Министерството постапува спротивно на одредбите на овој член, во соработка со други организациски единици во Министерството спроведува постапка за проверка на точноста на податоците пријавени во изјавата за имотна состојба и интереси и спроведува контрола врз промените во финансиската состојба на тој работник.“

Исто така, потребно е во предвид да го има Начелото на интегритет и тоа:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.“

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**